Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 0801-280/4
15.10.2021 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-280/1 од 24.09.2021 година поднесена од [redacted] од Штип против Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување – Штип за сторена дискриминација во пристап до вработување врз основа на образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 15.10.2021 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз [redacted] од Штип во пристап до вработување врз основа на образование, сторена од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување – Штип.

## Образложение

На 24.09.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] од Штип за сторена дискриминација во пристап до вработување врз основа на образование од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување – Штип.

Согласно наводите од претставката, подносителката се има стекнато со повеќе звања од формално образование и тоа – Магистер по математика по завршување на втор циклус студии на Факултетот за информатика при Универзитетот Гоце Делчев од Штип; Дипломиран професор по математика со завршен прв циклус на студии на Факултетот за информатика при Универзитетот Гоце Делчев од Штип и Дипломирн економист од областа на финансиски менаџмент со завршен прв циклус на студии на Економскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев од Штип. Согласно тврдењата на подносителката, таа со секој завршен степен на образование ја носела потребната документација до Агенцијата за вработување, Центар за вработување Штип со цел евидентирање на истото. Иако од Агенцијата за вработување добила уверување дека секој нејзин степен на образование е евидентиран во системот, при проверка во системот на невработени лица, подносителката забележала дека во системот на Агенцијата е евидентиран само нејзиниот највисок степен на образование – VIIA – втор циклус на студии: магистерски студии со 300 ЕКТС, профил Магистер по математика. Подносителката смета дека со вака внесениот степен на образование, таа не фигурира во евиденцијата на невработени професори по математика или невработени економисти, што значи дека е дискриминирана врз основа на образовен статус. Ова особено затоа што подносителката заради ваквиот пропуст не можела да конкурира на оглас за наставник по математика во ООУ Ванчо Прке Штип каде по доставено барање на училиштето до Агенцијата за

вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување Штип била доставена листа на невработени професори по математика на која таа не фигурирала.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителката веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 24.09.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување бр. 0801-280/2 до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување Штип, со барање за писмено произнесување на наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

Потенцијалниот дискриминатор во законски предвидениот рок достави поднесок за произнесување по претставката во кое ја извести Комисијата дека сите степени на завршено образование на подносителката се евидентирани во системот, но дека Центарот за вработување Штип при конкретното посредување го зел предвид само највисокиот степен на образование. Дополнително Агенцијата ја извести Комисијата дека презела дејствија за отстранување на пропустите од работењето со доставување Укажување до сите центри за вработување во смисла при процесот на вработување да се користат сите функционалности на електронскиот систем, со цел упатување на кандидати од евиденцијата на невработени лица кои најдобро одговараат на условите во пријавата за потреба од работник, а согласно законските прописи. За крај, Агенцијата во поднесокот ја информира Комисијата дека утврдила и потреба за одржување дополнителни обуки за вработените во центрите за вработување со цел унифицирано постапување при процесот на посредување при вработување.

Иако во конкретниот случај Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија констатирала неправилност во работењето на Центарот за вработување – Штип, презела дејствија за отстранување на повредата на правото на еднаквост и ја отстранила дискриминацијата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација цени дека подносителката одреден период била ставена во нееднаква положба заради нејзиниот образовен статус во однос на другите невработени лица со звања професори по математика и дипломирани економисти, што резултирало со ограничување на пристап до вработување, односно дека кон подносителката била извршена индиректна дискриминација врз основа на образовен статус во пристап до вработување.

Членот 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, предвидува обврска на Комисијата да препорача начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката има должност да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото наеднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

# ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во иднина да не врши дискриминација во пристап до вработување врз основа на образовен статус или било која друга дискриминаторска основа.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да спроведе обуки за вработените во центрите за вработување со цел недискриминаторско и унифицирано постапување при процесот на посредување при вработување.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектот кон кој е упатена Препораката не постапи по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
15.10.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација Скопје

Доставено до:
- Агенција за вработување на Република Северна Македонија, ул. Васил Ѓоргов бр. 43, 1000 Скопје
- [redacted] Штип